**ОГЛАС**

Датум на објава: 11.06.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Фундаменталните човекови права и родовата еднаквост – предизвик за практикување во руралните средини", објавува оглас за избор на фотограф за теренско фотографирање и обработка на фотографии за спроведување на on-line кампања.

Фотографот треба да има напредни познавања на програмите за обработка на фотографиите затоа што истите ќе се користат во активна on-line кампања и ќе содржат пораки кои што ќе треба да допрат до пошироката јавност. Фотографиите треба да упатуваат јасна порака за родовата еднаквост во руралните средини и како истата може да се унапреди и со тоа да се придонесе кон исполнувања на условите и критериумите поставени во ЕУ Поглавјето 23 – Правосудство и фундаментални права.

**Крајниот резултат** кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

2.2. Зајакната свест и капацитети кај руралното население со фокус на жените за потребата од познавање на ЕУ интеграциските процеси, како и нивно директно вклучување во градењето на позиции и ставови поврзани со реформските процеси во Поглавје 23

**Квалификации**:

- Минимум завршено средно образование со што се овозможува еднаков пристап и можност за аплицирање и на жителите на руралните средини. Универзитетското образование ќе се смета за предност;
- Треба да поседуваат одлично развиени комуникациски, интерперсонални и фасилитаторски вештини;
- Способност за работа во мултиетнички средини;
- Искуство во работењето со подготовка на мултимедијални содржини

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да достават професионална биографија (CV) најдоцна до **17 јуни 2020 година** **во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Проектот* "Фундаменталните човекови права и родовата еднаквост – предизвик за практикување во руралните средини" *е финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија.*

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА - Куманово
✉ село Режановце, 1300 Куманово, и ул. Орце Николов 29/6, 1000 Скопје
◇ ☏ 078 303-735; e-mail: rkoalicija@gmail.com; web: www.rural.mk ◇